# MACEDONIAN - МАКЕДОНСКИ

## Како да гласате на општите државни избори во Западна Австралија

**Ве молиме обратете се кај службеник за гласање**

- Ако ви треба помош
- Ако згрешите
- Ако не можете да ги разберете овие упатства и ви треба услуга од преведувач по телефон (ако има телефон на располагање)

### Гласање во вашиот изборен округ

Пред да ги добиете вашите гласачки ливчиња, службеникот за гласање на масата ќе ви постави три прашања:

1. Дали сте гласале предвремено на овие избори или веќе претходно сте гласале во текот на денешниот ден?
2. Како гласи вашето цело име и презиме (прво презимето, па името)
3. Каде живеете?

Ако претпочитате, може да ги напишете вашето име и адреса на ливче и да му го дадете на службеникот за гласање.

### Ако вашето име го нема во гласачките списоци

Во некои случаи сепак може да гласате, но ќе треба да потпишете изјава. Службеникот за гласање ќе ви помогне.

### Гласање надвор од вашиот изборен округ

Ако сте запишани во друг округ, ќе може да гласате во отсуство.

Службеникот за гласање ќе ве упати до друга маса каде што од вас ќе побараат да пополните специјална изјава пред да ви ги дадат гласачките ливчиња. Откако ќе ги пополните гласачките ливчиња, вратете му ги на службеникот на кој сте му ја дале изјавата..

### Што ако згрешам?

Ако згрешите, не грижете се – само вратете го вашето гласачко ливче кај службеникот за гласање и побарајте друго – потоа почнете одново. Ако ви треба помош за да гласате, само обратете се кај било кој од службениците за гласање.

**Нашиот гласачки систем е таен** – Не треба на никаков начин да ги потпишете или означите гласачките ливчиња, освен според овие упатства. Превиткајте ги пополнетите ливчиња на половина. Никој друг нема да знае за кого сте гласале освен ако вие одлучите да кажете.

## Како да гласате за законодавното собрание (Legislative Assembly)

**Бело гласачко ливче – ставете бројка во секој четириаголник.**

На белото гласачко ливче мора да ставите **‘1’** во четириаголникот покрај кандидатот што е ваш прв избор, **‘2’** во четириаголникот покрај вашиот втор избор, и така натаму, се додека да ги пополните **сите** четириаголници.

Немојте да користите штиклирање, крвчиња или да оставите празни четириаголници, во спротивно вашиот глас ќе биде неважечки.




## Како да гласате за законодавниот совет (Legislative Council)

**Розово гласачко ливче – два начина за гласање.**

На розовото гласачко ливче имате избор – пополнете го вашето гласачко ливче или од левата или од десната страна – но не и од едната и од другата.

Лева страна – може да ставите само ‘1’ во еден од четириаголниците за да гласате за партијата што сте ја избрале – сите други четириаголници оставете ги празни.

**ИЛИ**

Десна страна – во овој дел пополнете ги сите четириаголници. Мора да ставите ‘1’ во четириаголникот покрај кандидатот што е ваш прв избор, ‘2’ во четириаголникот покрај вашиот втор избор, и така натаму, се додека да ги означите со бројка сите четириаголници.




**Немојте да користите штиклирање, крвчиња или да оставите празни четириаголници, во спротивно вашиот глас ќе биде неважечки.**